Комисија за спречување и заштита
од дискриминација
Бр. 0801-234/5
28.07. 2021 год.
СКОПЈЕ

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација постапувајќи по претставката со архивски број 0801-234/1 од 19.07.2019 година поднесена од [redacted], против Државна изборна комисија врз основа на член 21 став 14 и член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на РСМ број 258/2020 од 30.10.2020), на 28.07.2021 го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

***Не се утврдува дискриминација врз основ на лично својство и општествен статус во поднесената преставка, сторена од страна на Државна изборна комисија на РСМ.***

***Образложение***

До Комисијата за заштита од дискриминација е поднесена претставка број 0801-234/1 од 19.07.2019 година поднесена од Здружение на граѓани [redacted], против Државната изборна комисија.

Во поднесената преставка подносителот наведува дека во текот на претседателските избори кои се одржале во РСМ во период април-мај 2019 година дел од граѓаните не можеле да го остварат избирачкото право заради тоа што не им било овозможено да гласаат, од причина што обезбедиле важечки документи за идентификација по распишувањето на изборите, односно по завршувањето на јавниот увид или по заклучувањето на Избирачкиот список ( во однос на претседателските избори, јавниот увид завршил на 15.03.2019 година- триесет и пет дена пред изборите, додека денот на заклучување на избирачкиот список бил 29.03.2019 година- дваесет и два дена пред денот на изборите).

Според подносителот на преставката, на скоро 33.000 граќани на РСМ им е ограничено правото на глас гарантирано со Уставот на РСМ и со меѓународните акти прифатени/ратификувани од страна на РСМ.

По поднесената претставка, Комисијата утврди дека, во согласност со членот 24 став 5, истата е поднесена во утврдениот рок од 6 месеци од денот кога била сторена повредата или најдоцна една година од денот кога била сторена повредата.

Претставката се однесува на пристап до добра и услуги, област која е покриена со член 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација и лично својство и општествен статус како дискриминаторска основа од член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, за целосно утврдување на фактичката состојба, на 26.05.2021 година поднесе барање за изјаснување до Државна изборна комисија од каде доби одговор заверен со архивски број 0801-234/4 од 11.06.2021 година. Во изјаснувањето на Државната изборна комисија се дава осврт кон наводите во претставката при што се констатира дека сите активности што ги презема овој орган на државата се во согласност со одредбите од Изборниот законик кој ги предвидува овие околности.

Исто така, Комисијата поднесе барање и до Министерство за правда од каде што не доби повратен одговор.

Комисијата при утврдување на фактичката состојба особено ги имаше во предвид Изборниот законик односно член 2, став 1, "Избирачко право има секој граѓанин на Република Македонија со наполнети 18 години на живот и деловно способен"; член 6, став 1, "право на избор има секој државјанин на Република Македонија кој наполнил 18 години живот и има деловна способност и е со постојано место на живеење во изборната единица, општината односно Градот Скопје каде се врши изборот"; член 31, т. 29, "Државната изборна комисија "врши евиденција на избирачкото право и се грижи за заштита на личните податоци на граѓаните содржани во Избирачкиот список"; според член 41 став 10, "Содржината на Избирачкиот список, односно изводите на денот на изборите (прв круг) не можат да се менуваат до завршувањето на изборите"; во член 41, став 4 "во избирачкиот список се запишуваат сите граѓани со наполнети 18 години живот кои имаат живеалиште на територијата на Република Македонија, а кои имаат важечка лична карта или патна исправа"; според член 41 став 11 од Изборниот законик **законодавецот предвидел дека содржината на Избирачкиот список, односно изводите на денот на изборите(прв круг) не можат да се менуваат до завршувањето на изборите**.

Понатаму, согласно член 43 став 1 од Изборниот законик, Министерство за внатрешни работи до Државната изборна комисија доставува податоци и фотографии за граѓаните:

- Со наполнети 18 години живот заклучно со денот на избори(за прв и втор круг) **кои имаат важечка лична карта или патна исправа,**
- Со наполнети 18 години живот чиј рок на важност на личната карта или патна исправа истекува во период од распишување на изборите до денот на нивно одржување,
- Со наполнети 18 години живот кои се доселиле или отселиле од определена општина или ја промениле адресата на живеење во општината,
- Со наполнети 18 години живот кои го промениле името и презимето
- Со наполнети 18 години живот кои стекнале или го изгубиле државјанството на РСМ
- Со наполнети 18 години живот кои се на привремена работа или престој во странство и
- Фотографија и отпечатоци од прсти.

Согласно сите овие наводи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во конкретниот предмет не утврди некоја форма на дискриминација сторена од страна на Државна изборна комисија спрема лицата кои поради немање на лична карта или патна исправа, немале право да гласаат на денот на изборите. Согласно законското решение на Изборниот законик, а посебно имајќи го во предвид член 41 став 11 каде што е наведено дека содржината на Избирачкиот список, односно изводите на денот на изборите (прв круг) не можат да се менуваат до завршувањето на изборите, Државната изборна комисија се до измена или дополнување на законската регулатива во оваа област е должна да постапува по истата, а во согласност со членот 31 став 1 од Изборниот законик каде што е наведено дека Државната изборна комисија се грижи за законитоста во подготовката и спроведувањето на изборите согласно во овој законик и врши надзор над работата на изборните органи.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека дискриминацијата не е резултат на работата на Државната изборна комисија која постапува во

согласност со одредбите од Изборниот законик, особено член 41, став 4 кој гласи дека во избирачкиот список се запишуваат сите граѓани со наполнети 18 години живот кои имаат живеалиште на територијата на Република Македонија, **а кои имаат важечка лична карта или патна исправа.** Комисијата за заштита од дискриминација е свесна дека Изборниот законик не предвидува можност за гласање на лицата со неважечка лична карта или патна исправа на денот на изборите. Комисијата го повлекува фактот дека некогаш дискриминацијата се појавува во правото, односно во самите законски акти, а не само во примената на тие акти.

Имајќи го во предвид споменатото, а во согласност со одредбите од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита од дискриминација • Скопје

**Доставено до:**

1. **Државна изборна комисија, Ул. Св.Кирил и Методиј бр 54, 1000 Скопје**
2. **Министерство за правда, Ул. Димитрие Чуповски бр.9, 1000 Скопје**
3. [redacted]**, Ул.** [redacted] **1000 Скопје**